Предлагачи: Група пратеници

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членовите 157 и 158 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми, го поднесуваме следниов

АМАНДМАН

Во член 3 ставот 5 се менува и гласи:

„По ставот (9) се додаваат пет нови става (10), (11), (12), (13) и (14) кои гласат:

„(10) Издавачот на онлајн медиумот-интернет портал до надлежното регулаторно тело доставува пријава за упис во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали.

(11) Надлежното регулаторно тело нема да го впише издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали доколку нема вработено најмалку две лица со полно работно време, односно ќе го избрише издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот од Регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали доколку го нема потребниот број на вработени согласно со член 15 став (3) алинеја 4 од овој закон.

(12) По исклучок на ставот (11) од овој член, надлежното регулаторно тело ќе го впише издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали доколку има вработено едно лице со полно работно време и ангажирано едно лице со договор на дело, како онлајн медиум-интернет портал со мал и/или специјализиран опфат, односно ќе го избрише издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот од Регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали како онлајн медиум-интернет портал со мал и/или специјализиран опфат доколку го нема потребниот број на вработени, односно ангажирани лица согласно со член 15 став (3) алинеја 4 од овој закон.

(13) Надлежното регулаторно тело доставува барање за прибавување на потребните документи до Централниот регистар на Република Северна Македонија и до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, кои се должни бесплатно да ги достават потребните документи во рок од пет дена од денот на поднесеното барање. По добивањето на сите потребни документи, надлежното регулаторно тело во рок од три

дена од денот на комплетирањето на документацијата го впишува издавачот на онлајн медиум – интернет портал во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали.

(14) Формата и содржината на пријавата од ставот (10) на овој член и начинот на водење на Регистарот од ставот (8) на овој член ги пропишува Агенцијата за аудио и аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.“.

Образложение

Амандманот се предлага за да се направи дистинкција помеѓу онлајн медиуми – интернет портали кои публикуваат информативни, образовни и забавни содржини, односно дел од овие онлајн медиуми – интернет портали публикуваат само информативни, само образовни или само забавни содржини, истите се публикуваат во вид на текст, аудио или аудиовизуелен формат. Онлајн медиумите – интернет портали публикуваат различни содржини, и во различен формат, заради што во суштина се разликува структурата и бројот на вработени, односно ангажирани лица.

ПРАТЕНИЦИ: